ЕСЕ
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
ул. Максим Горки 20/1-4, 1000 Скопје, Р. Македонија
• Тел. 02 3298 295
• Факс 02 3211 453
esem@esem.org.mk
administration@esem.org.mk
www.esem.org.mk

**До**

**Владата на Република Северна Македонија**

**Претседателот на Владата, Г-дин Оливер Спасовски**

**Предмет:** Барање од Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

**Почитувани,**

Здружението за еманципација,солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, повеќе од една деценија обезбедува бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка на жени кои претрпеле семејно насилство.

Во периодот на постоењето на вонредната состојба и овластувањето на Владата, согласно Уставот и со закон, да донесува уредби со законска сила за заштита и превенција од ширење на коронавирусот КОВИД 19, сакаме да укажеме дека вака генерално донесените мерки се неадекватни за сите граѓани и неопходна е потребата од прилагодување на мерките за најранливите, имајќи ги во предвид ефектите од превентивните мерки врз секојдневната динамика на односите помеѓу партнерите, родителите и децата и зголемениот ризик од семејно насилство во овој период.

Уредба со законска сила со која се уредуваат роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањата на судовите и јавните обвинителства предвидува одржување на расправии и преземање на дејствија преку интернет со употреба на електронски средства. Судскиот совет треба подетално да го пропише начинот за одржување на расправи и преземање на сите други дејствија на постапката преку електронски средства. Укажуваме дека значаен дел од жртвите на семејно насилство немаат уреди кои подржуваат користење на интернет ниту пристап до интернет услуги со што ќе се ограничи нивниот пристап до правда во овој специфичен период во кој се уште поранливи на насилство. **Поради ова, неопходно е да се овозможи одржување на рочишта, каде е неопходно, за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и изрекување на овие мерки без одржување на рочиште.**

Со одложувањето на извршувањето на упатните акти за изречена казна затвор до три години несразмерно се погодени жртвите на семејно насилство, од причина што осудените насилници нема да одат на издржување на казна затвор до септември 2020 година. Со ова, се зголемува ризикот од повторување на насилството токму од обвинетите со закани по безбедноста на животот на жените жртви и нивните малолетни деца. **Поради ова, предлагаме надлежните институции да преземат мерки за заштита на жртвите на семејно насилство.**

Како организација стоиме на располагање за дополнителни информации и предлози за надминување на новонастанатата ситуација, а со цел заштита на една од најранливите категории граѓани. Можете да не контактирате на следниов број: **071 266 101**.

Во очекување на брз одговор и реакција од Ваша страна.

**Со почит,**

**Јасминка Фришчиќ**

**Извршна директорка**